***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Инженер за готов бетон**

Избраниот кандидат ќе извршува работни задачи во Секторот за готов бетон кои вклучуваат следење на производството и квалитетот на бетонот и агрегатите, изработка на извештаи за агрегати и бетони согласно европските стандарди, обезбедување на потребна документација (калибрации) која е потребна за сертификација на производите, испитување на агрегатите (фракции и тампон) и бетонот (свеж и оцврснат), вклучен во развивање на нови рецептури за готов бетон, поддршка на клиенти, координација и следење на динамика на испорака на готов бетон, комуникација и координација со директните одговорни лица на градилиште. Работното време е 40 часа неделно и од 08:00 – 16:00 дневно. Основната нето плата за работното место е од 34.000 до 40.000 денари.

**Квалификации:**

- ВСС/VII степен образование Градежен факултет
- Работно искуство од најмалку 2 години
- Одлично познавање на MS Office
- Познавање на англиски јазик

**Конкурентски предности:**
Желба за работа во средина со високи барања
Динамичност, ефективност и ефикасност
Флексибилност и адаптибилност
Посветеност, мотивираност, иницијативност
Тимска работа и кооперативност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV) на англиски јазик
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.

Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на непределено.

Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, попреченост, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши само на веб страницата на Цементарница УСЈЕ http://www.usje.mk.**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.
Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.